Република Македонија
ЈАВНА НАУЧНА УСТАНОВА
ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД ОХРИД
Примен 28.07.2017
Орг 03-339/1

Во акта-Арх. знак 03/02
Рок на чување 1
02.10.2017
Потпис

ДО

ЈНУ ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД ОХРИД

Од

МЕСНА ЗАЕДНИЦА СЕЛО ГОДИВЈЕ

Предмет: барање стучно мислење

Почитувани, согласно изработениот проект за изградба на Интегриран систем за уоправување со цврст отпад во Југозападниот плански регион, кој треба да се реализира со средства од ИПА фондовите за најпогодна локација е одбрана територијата на Општина Дебрца која се наоѓа во сливното подрачје на Охридско Езеро. Жителите на Општина Дебрца на 22.07.2017год. одржаа седница во селото Годивје кое е избрано како најпогодно место и ваквата иницијатива енергично ја одбија. Покрај другите мерки за одбрана на ова најнезагадено подрачје кој ќе ги превземе населението од овој крај, бараме од Вас како институција да ни дадете стручно мислење со кое ќе докажиме дека на подрачјето на Општина Дебрца не е дозволено изградба на ваква депонија.

Ве молиме ова мислење да ни го дадете што поскоро како би го проследиле до надлежните институции а за стопирање на ваквата идеја и избирање на друго место како погодно за локација на оваа депонија.

С. Годивје 27.07.2017год.

Претседател:

Угриноски Гоце

*HIDROBIOLOGYCAL INSTITUTE*
*"Naum Ohridski"-50*
*6000 Ohrid*
*Republic of Macedonia*
*Tel./fax: ++389-46-231 050*

ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД
"Наум Охридски"-50
6000 Охрид
Р. Македонија
Тел./фах: ++389-46-231 050

Република Македонија
ЈАВНА НАУЧНА УСТАНОВА
ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД
Бр. 02-339/2
09-08 2017 год.
ОХРИД

До
Месна заедница село Годивје

Предмет: Барање на стручно мислење
Врска: Изградба на интегриран систем за управување со цврст отпад во Југозападниот плански регион

Почитувани,

По однос на вашето барање, заведено под бр. 03-339/1 од 28.07.2017 год., кое се однесува на изградба на Интегриран систем за управување со цврст отпад во Југозападниот плански регион, **ве информираме дека Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод Охрид завзеде генерален став и смета дека на подрачјето на Општина Дебарца во атарот на село Годивје не смее да се дозволи изградба на депонија за цврст отпад бидејќи истото подрачје спаѓа во сливот на Охридското Езеро.**

Изградбата на депонија за цврст отпад во охридското сливно подрачје би довело до континуирано загадување и оптеретување на ова еколошки чисто подрачје но исто така и на подземните и површинските води кои се дел од сливното подрачје на Охридското Езеро.

При тоа сакаме да истакнеме дека Охридското Езеро и целото негово сливно подрачје е заштитено природно добро од страна на УНЕСКО. Во тој контекст постои и национална законска регулатива односно закон за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро кое сите нас не обврзува да ја почитуваме изготвената Конвенција за заштита на Охридското Езеро.

Претседател на Совет,

Д-р Гоце Костоски

ЈАВНА НАУЧНА УСТАНОВА ХИДРОБИОЛОШКИ ЗАВОД • ОХРИД • (РМ)

Директор,

Е.В.Сарафилоска

Д-р Елизабета Велјаноска-Сарафилоска